**20242774771**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗАЦИСКАТА КЛАСИФИКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува организациска класификација.

Член 2

Организациската класификација на буџетските корисници од член 1 на овој правилник е класификација на матичен буџетски корисник, раздел и буџетски корисник за да се утврдат надлежностите на субјектите за планирање и управување со јавните средства и вработените заради постигнување на зацртаните цели.

Член 3

Организациската класификација од член 2 на овој правилник е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 09-13548/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

Прилог

**ОРГАНИЗАЦИСКА КЛАСИФИКАЦИЈА**

| | **Назив** |
|---|---|
| 1 | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| 2 | СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| 3 | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| 4 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА |
| 5 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ |
| 6 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| 7 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ |
| 8 | МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА |
| 9 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА |
| 10 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ |
| 11 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД |
| 12 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ |
| 13 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО |
| 14 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО |
| 15 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА |
| 16 | МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ |
| 17 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА |
| 18 | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ |
| 19 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА |
| 20 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА |
| 21 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ |
| 22 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ |
| 23 | МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ |
| 24 | ОБВИНИТЕЛСТВО |
| 25 | СУДСТВО |
| 26 | ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА |
| 27 | НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ |